**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

# П Р О Т О К О Л
# ЗА СОЦИЈАЛНО ПАРТНЕРСТВО
# ВО ОБЛАСТА НА
# СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА
# ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, октомври 2010 година**

**а) Вовед**

**Партнери**

**Протоколот за социјално партнерство во областа на стручното образование и обука во Република Македонија се потпишува помеѓу Центарот за стручно образование и обука и Владата на Република Македонија претставена преку соодветните министерства, единиците на локалната самоуправа претставени преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС и социјалните партнери кои ги претставуваат:**

- работодавачите и
- работниците.

Листата на потписници на Протоколот е дадена во Прилог 1.

Социјалните партнери кои се обврзуваат на овој Протокол се запознаени дека стручното образование и обука во Република Македонија треба да ги усогласи потребите на пазарот на трудот со европските стандарди и клучните вредности на претприемничкото општество. Тие се согласуваат дека ова најефективно може да се постигне со заедничко работење на социјалните партнери кои ќе го информираат и поддржуваат развојот на стручното образование и обука.

Досега, социјалните партнери работеа заедно и ad-hoc го поддржуваа системот на стручното образование и обука. Овој Протокол претставува основа за долгорочна стратешка соработка помеѓу социјалните партнери во областа на стручното образование и обука. Од него, корист ќе имаат:

- работодавачите, преку уверување дека луѓето кои ги користат услугите од стручното образование и обука ќе се здобијат со вештини и знаења кои им се потребни на работодавачите;
- индивидуи, преку уверување дека тие ги поседуваат вештините и знаењето со кои ќе конкурираат на пазарот на трудот за да се вработат и да напредуваат во својата кариера;
- Република Македонија, преку уверување дека економијата се состои од база на јаки бизниси поддржани од работници со потребните вештини и знаење за да конкурираат на меѓународниот пазар на трудот.

**б) Цел на Протоколот**

Општа цел на Протоколот е да утврди дека стручното образование и обука ќе овозможи сегашната и идна работна сила да се здобие со вештини и знаења потребни за пазарот на трудот, со што ќе се намали нивото на невработеност, а ќе се зголеми меѓународната конкурентност на работната сила, како и да овозможи квалитетна имплементација и спроведување во практиката на одредбите од Законот за средно образование и од Законот за стручно образование и обука.

**в) Принципи на Протоколот**

За да се остварат целите, многу е важно да се развијат добри формални и неформални односи врз основа на кои кои ќе се гради доверба и ќе се преземаат одговорности/задолженија, а истовремено ќе се почитуваат и разликите. За да се оствари ова, сите страни се обврзуваат дека ќе ги прифатат следниве **принципи** на соработка:

- Принцип на целосна (стопостотна) заложба;
- Градење на доверба и взаемно почитување за улогата и задолженијата на другите;
- Отвореност, чесност и транспарентност во комуникацијата и во процесот на донесување одлуки;
- Позитивен и конструктивен пристап;
- Поддржување на процесот на донесување одлуки кој се базира на докази (аргументи);
- Заложби за работа со другите и учење едни од други;
- Заложба за постигнување на висококвалитетни резултати;
- Користење на ресурсите на најдобар можен начин.

**<u>г) Улога и обврски</u>**

***ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА***

Улогата на Центарот за стручно образование и обука е да поддржува и да поттикнува реформи во стручно образование и обука во согласност со Законот за стручно образование и обука и со сите стратешки документи на Владата на Република Македонија од областа на стручното образование и на пазарот на трудот. Во таа смисла, Центарот за стручно образование и обука ќе:

- Подготвува годишни програми за работа за да одговори на целите на Протоколот, кои ќе бидат споделувани со социјалните партнери;

- Подготви и ќе договори Меморандум за разбирање со секој социјален партнер идентификуван во Протоколот, со цел да го поддржи спроведувањето на програмите за работа. Секој Меморандум за разбирање ќе ги содржи областите на меѓусебна соработка. Меморандумите ќе се потпишуваат еднаш на пет години, а ќе се ревидираат секоја година;

- Ги развива и одржува врските со и помеѓу социјалните партнери и на оперативно и на стратешко ниво. Ова вклучува менаџирање на потребните консултативни активности и помош во градењето на капацитетите на социјалните партнери кои ќе го поддржуваат развојот на стручното образование и обука;

- Ги поддржува средните стручни училишта и средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука во имплементацијата на реформите на стручното образование и во развивањето на подобри врски со локалните социјални партнери;

- Воспоставува системи за следење на напредокот според поставените цели во Протоколот и ќе ги известува социјалните партнери за истиот, квартално и преку подготовка на Годишен извештај. Советот за стручно образование и обука ќе го известува преку Годишниот извештај за работа;

- Ќе ја развива и ќе ја менаџира програмата за комуникација со цел:

    - да ги промовира целите на Протоколот и неговите достигнувања, вклучувајќи ги и соодветните социјални партнери;

    - да ги информира социјалните партнери и социјалните групи за напредокот според поставените цели во Протоколот, користејќи ги соодветните социјални партнери.

***МИНИСТЕРСТВА***

Министерствата кои ја претставуваат Владата ќе обезбедат преземените активности што произлегуваат од Протоколот да бидат во согласност со националните закони и политики. Поконкретно, тие:

- Ќе потпишат (сите поединечно) заеднички Меморандум за разбирање со Центарот за стручно образование и обука во кој ќе се дефинираат поддршката на Протоколот и очекуваните резултати;
- Ќе ја поддржуваат Програмата за работа на Центарот за стручно образование и обука;
- Ќе ги доставуваат, по потреба, податоците за пазарот на трудот и другите релевантни официјални статистички податоци до Центарот за стручно образование и обука кои што се потребни за дефинирање на образовните стандарди, стандардите на занимањата и стручните квалификации и за подготовка на Програмата за работа;
- Ќе ја надгледуваат реализацијата и влијанието на Протоколот;
- Ќе ги поддржуваат социјалните партнери во развојот на нивните капацитети за поуспешно вклучување во Протоколот.

***РЕГИСТРИРАНИ ЗДРУЖЕНИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО – ПРЕТСТАВНИЦИ НА РАБОТОДАВАЧИТЕ И НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА***

Социјалните партнери кои се претставници на работодавачите и на бизнис заедницата ќе ги утврдуваат и проследуваат барањата на работодавачите и на бизнис заедницата до Центарот за стручно образование и обука и ќе промовираат промени во стручното образование и обука. Поконкретно, тие ќе:

- Договорат Меморандум за разбирање со Центарот за стручно образование и обука, со кој :

  - на бизнис заедницата и на работодавачите, односно на членките/компаниите ќе им ги промовираат промените во системот на стручното образование и обука за да можат подобро да ја сфатат улогата и функцијата на стручното образование и обука, како и бенефитите од него (добивање на соодветно обучени стручни кадри, даночни олеснувања и сл.).

- преземаат консултативни активности со работодавачите, односно со определени членки/компании и бизнис претпријатија и ќе доставуваат повратни информации до Центарот за стручно образование и обука во договорената временска рамка, согласно со потребите и можностите на своите работодавачи, односно членки/компании;

- ги поттикнуваат бизнис претпријатијата и индивидуалните работодавачи, односно членки/компании повеќе да се активираат во системот на стручното образование и обука и во активностите на локалните стручни училишта;

- го промовираат Протоколот, неговите бенефити кои што ќе бидат дополнително дефинирани) и резултатите од работата на работните групи од редот на работодавачите, односно членките/компаниите;

- се согласни да ја поддржуваат Програмата за работа на Центарот за стручно образование и обука и особено да ги идентификуваат и поттикнуваат релевантните работодавачи и бизнис претпријатија да поддржуваат одредени активности што се поврзани со развојот на стручното образование и обука, како на пример, учество во соодветни работни групи за изработка на стандарди на занимања, образовни профили, наставни програми и сл.;

***СИНДИКАТИ***

Социјалните партнери кои се претставници на работниците ќе овозможат пренесување на ставовите на сегашните и идните работници за развојот на системот на стручното образование и обука. Поконкретно, тие ќе:

- Договорат Меморандум за разбирање со Центарот за стручно образование и обука кој ќе ги опфати прашањата поврзани со условите за работа, заштитата на работа, наградувањето, стекнувањето на нови вештини за работа и сл.;

- Ги промовираат бенефитите од стручното образование и обука за да го поддржат кариерниот развој на работниците.

- Преземаат консултативни активности со индивидуи (работници) и ќе доставуваат повратни информации до Центарот за стручно образование и обука за квалитетот на имплементација на стручното образование и обука и за тоа колку се корисни наставните планови и програми;

- Го промовираат Протоколот, неговите бенефити и резултатите на работниците;

- Се согласни да ја поддржуваат Програмата за работа на Центарот за стручно образование и обука.

**ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**

Единиците на локалната самоуправа претставени преку Заедницата на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС, ќе ги поддржуваат целите на Протоколот на локално ниво. Поконкретно, тие ќе:

- Потпишат Меморандум за разбирање со Центарот за стручно образование и обука во кој ќе бидат дефинирани меѓусебните права и обврски што произлегуваат од развојот на стручното образование и обука на локално ниво;

- Го поддржуваат развојот на социјалното партнерство на локално ниво, вклучувајќи и поголема соработка помеѓу стручните училишта, бизнис претпријатијата и работодавачите;

- Доставуваат повратни информации до Центарот за стручно образование и обука за приоритетите на локалниот пазар на трудот.

**СОВЕТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

Советот за стручно образование и обука ќе го поддржува Протоколот преку:

- Стратешко надгледување на активностите што се поврзани со реализацијата на Протоколот;

- Залагање на своите членови за исполнување на обврските што произлегуваат од Протоколот на организациите од кои што се номинирани;

- Обезбедување форум за дискусија во врска со партнерските прашања кои ќе произлезат за време на имплементирањето на Протоколот;

- Вградување на прашањата, проблемите и темите кои ќе произлезат во процесот на имплементирањето на активностите наведени во Протоколот, во препораките од Советот до соодветните министерства.

**д) Надгледување/мониторирање и евалуација**

1. Центарот за стручно образование и обука ќе ги определува основните цели на Протоколот во согласност со социјалните партнери.

2. Социјалните партнери ќе го ревидираат Протоколот, најмалку еднаш на две години.

3. Центарот за стручно образование и обука ќе ги вреднува резултатите од активностите што се реализираат во рамките на Протоколот, еднаш годишно. Резултатите и напредокот ќе ги објавува во своите годишни извештаи за работа, а истите ќе им ги презентира и на социјалните партнери.

4. Центарот за стручно образование и обука ќе ги известува квартално социјалните партнери за реализацијата на своите програмски задачи и ќе ги истакнува прашањата, темите и проблемите кои треба да бидат разгледани од страна на социјалните партнери.

5. Советот за стручно образование и обука ќе ги разгледува кварталните и годишните извештаи на Центарот за стручно образование и обука и ќе презема соодветни мерки кои ќе произлезат од овие извештаи.

**<u>ѓ) Комуникација</u>**

1. Центарот за стручно образование и обука е одговорен за информирање на социјалните партнери за развојот на стручното образование и обука, за активностите кои се реализираат во рамките на законските обврски и надлежности и на Протоколот, како и за резултатите кои се поврзани со Протоколот.

2. Социјалните партнери ќе му помагаат на Центарот за стручно образование и обука во информирањето на работодавачите, работниците, младите луѓе и министерствата за Протоколот и за промените во стручното образование и обука кои ќе резултираат од преземените активности.

3. Комуникациските активности вклучуваат: писмени извештаи, веб страница, конференции наменети за различна публика, трибини, состаноци помеѓу партнерите и сл.

4. Протоколот има свое лого кое ќе биде поставено на веб страните на социјалните партнери.

**<u>е) Потписи и датум за ревидирање</u>**

1. Протоколот е составен (подготвен) во месец октомври 2010 година.

2. Протоколот важи 5 (пет) години, односно до октомври 2015 година.

3. Протоколот ќе биде ревидиран по потреба.

**ПРОТОКОЛОТ ГО ПОТПИШАА:**

За Министерство за образование и наука _______________________

За Министерство за труд и социјална политика _______________________

За Центар за стручно образование и обука _______________________

За Агенција за вработување на Република Македонија _______________________

За Стопанска комора на Македонија _______________________

За Сојузот на стопанските комори на Р.М _______________________

За Стопанската комора на северозападна Македонија _______________________

За Занаетчиска комора на Македонија _______________________

За Организација на работодавачи на Македонија _______________________

За Бизнис конфедерација на Македонија _______________________

За Заедницата на единиците на локалната самоуправа _______________________

За Синдикатот за образование, наука и култура _______________________

**Прилог 1**

**ОРГАНИЗАЦИИ – ПОТПИСНИЦИ НА ПРОТОКОЛОТ**

1. Министерство за образование и наука
2. Министерство за труд и социјална политика
3. Центар за стручно образование и обука
4. Агенција за вработување на Република Македонија
5. Стопанска комора на Македонија
6. Сојуз на стопанските комори на Република Македонија
7. Стопанска комора на северозападна Македонија
8. Занаетчиска комора на Македонија
9. Организација на работодавачи на Македонија
10. Бизнис конфедерација на Македонија
11. Заедница на единиците на локалната самоуправа
12. Синдикат за образование, наука и култура